| НАСТАВЕН ЧАС ПО ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | |
|---|---|
| *Наставник:* | Зоран Стаменковиќ |
| *Училиште:* | ООУ „Тихомир Милошевски “ Ѓорче Петров - Скопје |
| *Одделение:* | V-АБ |
| *Време на реализација:* 3-4 | Октомври |
| *ПП - Наставна тема* | Сообраќај |
| *Наставна содржина* | Правила и прописи за учество на велосипедист во јавниот сообраќај |
| *Организација и простор:* | Домашни услови |
| *Повратна информација:* | |

# Правила и прописи за учество на велосипедист во јавниот сообраќај

***Потсети се:***

**Правила и прописи за движење на пешаците во сообраќајот; Учбник ТО-IV одд.**

***Внимвај:***

**За учество на велосипедист во сообраќајот постојат определени правила и прописи. Велосипедистот, треба да ги знае и да ги практицира во сообраќајот. Тоа значи , велосипедистот не може да вози велосипед каде сака и како сака. Мора да исполни определени услови да може да учествува во сообраќајот.**

| | Услови за учество на велосипедист во јавниот сообраќајот: | Опис на условите за учество на велосипедист во јавниот сообраќајот: |
|---|---|---|
| 1. | Велосипедистот да има наполнето10 години | Велосипедистот не смее да е на помала возраст од десет години. Мора да биде на возраст со наполнето 10 години. |
| 2. | Велосипедот да биде технички исправен | Велосипедот мора да биде безбеден за управување. Да има исправен уред (мехнизам) за движење и за запирање на велосипедот. Да има уред за давае звучни сигнали. Да има уред за осветлување на патот. Да има мачкино око (Катадиоптер) на задниот дел од велосипедот. |
| 3. | Големината на велосипедот да е соодветен на велосипедистот | Големината на велосипедот треба да биде соодветна на големинат на велосипедистот. Тоаа значи дека велосипедистот кој го управува велосипедот, кога седи на седиштето, нозете можат да допрат до патот. |
| 4. | Велосипедистот да ги познава сообрќјните првила и прописи | Да познава сообраќајни знаци, да го знае правилото на договор помеѓу возачите, да го знае правилото на десната страна при поминување низ крстосница и др. |
| 5. | Велосипеистот да ги владее техниките на возење | Велосипедистот треба да ги владее техниките на возење велосипед. Во текот на вклучување и исклучување од сообраќајот, да знае да даде сигнали на другите учесници во сообрќајот и безбедно и сгурно да го управува велосипедот. Учебник ТО Страна 97 |
| 6. | Велосипедистот треба да е психофизички способен за учество во сообраќајот | Велосипедистот мора да е физички здрав, со сите свои екстремитети и сетилото за вид. Велосипедистот мора да биде и психички здрав. Не смее да е растроен, не смее да биде под дејство на алкохол, опојни дроги, медицински медикаменти кои ги успоруваат движењата и реакциите на велосипедистот. |

**Задача:** **Откако ќе се запознаеш со наставната содржина, во тетратка А4 формат, направи концепт на наставната содржината и раскажи ја наставната содржината.**

# Регулирање на сообраќајот во крстосница

**Еден од главните фактори за безбдноста во сообраќајот е патот. Се гради според подготвени проекти во зависност од намената и значењето. Места каде се вкрстуваат два или повеќе пата, се крстосници. Сообраќајот на крстосници може да биде нерегулиран или регулиран.**

**<u>Сообраќајот во крстосници се регулира на повеќе начини:</u>**

- **Регулирање на сообраќајот од овластено службено лице (сообраќаен полицаец);**
- **Регулирање на сообраќајот со светлосни сообраќајни знаци (семафори);**
- **Регулирање на сообраќајот со сообраќајни знаци (Хоризонтално или вертикално поставени);**
- **Регулирање на сообраќајот со правило на десна страна.**

**<u>Нерегулирани и регулирани крстосници</u>**

**Крстосница е објект од патот каде се вкрстуваат два или повеќе пата. Сообрќајот на крстосници може да се регулира на повеќе начини.**

- **Нерегулирани крстосници, се крстосници на кои нема сообраќаен полицаец, сообраќајни знаци и светлосни сообраќајни знаци (семафори). Во такви услови, сообраќајот се регулира според правилото на десната страна и правило на договор помеѓу возачите.**

**Правило на десната страна значи, секое возило кое Ви доаѓа од десна страна во крстосница има првенство на минување низ крстосницата.**
**Во случај, кога во крстосница (вкрстени два пата) ќе се сретнат четири возила во различни насоки на два пата, ниту едно возило нема првенство на минување низ крстсницата. Во таков случај важи правило на договор помеѓу возачите. Низ крстосницата ќе се пропушти едно од четирите возила, а за другите три возила ќе важи правилото на десна страна.**

- **Регулирани крстосници, се регулираат со сообраќајни знаци, светлосни сообраќајни знаци или регулирањето на сообраќајот го ефектуира сообраќаен полицаец. Во случаи, кога возилата се наоѓаат пред сообрќјни знаци со иста важност, важи и се применува правило на десна страна.**

**Сообраќајни знаци се делат на:**
- **Знаци за опасност;**
- **Знаци за изречни наредби -** Знаци за забрана и Знаци за обврски;
- **Знаци за известување.**

***<u>Литература:</u>***
**Учебник ТО за 5 одд. стр. 89-90-91-92-93-94, Интернет тех., слики и др.**

**<u>Задача:</u> Откако ќе се запознаеш со наст. содржина, во тетратка А4 формат, направи концепт на наставната содржината и раскажи ја наставната содржината.**